


СООПШТЕНИЕ ДО МЕИУМИТЕ

По вчерашната изјава на Иван Динев Иванов дадена во емисијата „На кавга со Иван“ која се емитуваше на Канал 5 телевизија, Еврејската зедница и Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија со идигнација ги отврлаат инсинуациите и лажните тврдења дека во постојаната поставка во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија се користат монитирани фотографии, документи и филмови и дека Меморијалниот центар на холокаустот е место од каде се врши искривена пропаганда , за улогата на Бугарија во депортацијата на Евреите од Македонија.

Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија, го чува споменот и е посветен на 7.144 Евреи од Македонија кои беа брутално прогонувани, понижувани, етикетирани, ограбени и депортирани во смрт од страна на тогашните бугарски фашистички власти. Би сакале да напомeнеме дека во креирање и изградба на постојаната изложбена поставка во Меморијалниот центар учествуваа реномирани светски историчари од ерата на холокаустот кои своите истражувања, превземање и откуп на архивски материјал ги правеа во архивите на Меморијаљиот музеј на холокаустот во САД, Јад Вашем во Израели други архиви.

Обидите на проф. д-р Иванов за искривување на историската вистина и улогата на Царска Бугарија во холокаустот на Евреите од Македонија се скандалозни, пред се за еден професор кој треба на своите студенти да им ја пренесе вистината за историските настани, а не да се става на страната на официјалното негирање на холокаустот од одредени бугарските политичари и историчари, денес и се одвиваат во континуитет.

Ние, Евреите од Македонија, нема да дозволиме никакво искривување на историјата во дневно политички цели. Нема да дозволиме да се заборави каде и како завршија 7.144 Евреи од Македонија, само затоа што се поинакви по вера и традиција од ариевската раса, само затоа што некој сака да ја стави под тепих својата негативна историска улога.

Фактот дека Бугарија беше соучесник во едно од најголемите злосторства во историјата на човештвото не може да се избрише па тоа да е и обидот на проф. Иван Динев Иванов.

Еврејска заедница во Република Македонија          Фонд на холокауст на Евреите од Македонија

Претседател,          Претседател,

Пепо Леви          Иван Николиќ